# МОНИТОР:

# СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ

*Период:* ***15.09-30.09.2015 г.***

## Спроведување на Политичкиот договор од јуни 2015 г.

По враќањето на опозицијата во Собранието па 1 септември, беше реализирана следната критична точка на договорот - изборот на специјален јавен обвинител.

Ваквиот развој овозможи обновување на Претпристапниот дијалог на високо ниво (ПВДН) - на 18 и 19.09, во кој учествуваше комесарот Хан. Со цел да се избегне натамошно постигнување на политички договор на истекот на роковите, комесарот Хан го постави 6 октомври како рок за постигнување согласност за реформите на изборното законодавство.

Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор, со поддршка на мисијата на ОБСЕ во Скопје и Европскиот институт за мир, започна со анализа за улогата на Охридскиот рамковен договор во подобрување на социјалната кохезија.

Резултатите од работата од другите работните групи во рамките на дијалогот на политичките партии сè уште не се видливи.

## Владеење на правото и правосудство

### Правосудство

Со **изборот на Катица Јанева за специјална јавна обвинителка** се реализираше една од точките од политичкиот договор, кои претставуваат најголем предизвик.

На 15 септември 2015 година, по итна постапка, Собранието на Република Македонија едногласно го усвои Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. На предлог на Собранието, Советот на јавни обвинители ја избра Катица Јанева, основна јавна обвинителка од Гевгелија и таа стапи на должност веќе на 16 септември.

Покрај изненадувањето од изборот, реакциите на јавноста се движеа од поддршка, преку резервираност, до сомнеж, поради недоволното искуство во слични предмети. Специјалната јавна обвинителка во првото дадено ексклузивно интервју за 24 Вести најави формирање на тимот и очекувања за силна поддршка на меѓународниот фактор. Интервјуто дава сигнал за поголема транспарентност на специјалното јавно обвинителство, наспроти досегашната практика на јавните обвинители.

На 30 септември 2015 година, Катица Јанева пред јавноста го претстави предлогот на тимот составен од 14 јавни обвинители. Главните коментари на јавноста се однесуваа на фактот што сите предложени произлегуваат од основните јавни обвинителства, како и нивната претходна работа на чувствителни политички предмети. Во овој контекст посебно е споменувано името на Лиле Стефанова, јавната обвинителка која ја водеше постапката против новинарот Томислав Кежаровски, а беше ангажирана и како помошник на обвинителот во случајот „Пуч“.

Во јавноста се покрена прашањето дали е потребно формирање на специјален суд. Претседателката на Врховниот суд, г. Лидија Неделкова, во изјава за весникот „Вест“ упати порака дека и постојните судии можат да одлучуваат, и дека нема судија што би одлучувал селективно во предмети кои ќе бидат следени со огромно внимание.[1]

Повикувајќи се на "Акцискиот план", Судскиот совет на РМ на седниците одржани на 23 и 30 септември донесе одлуки за огласување **избор на 22 судии во повисоките судови и 20 во основите судови. Кон овој**

[1] И овие судии може да бидат специјални. Вест. 18.09.2015г. Достапно на; http://www.vest.mk/default.asp?ItemID=7D537DC3EF38EA49BFE2C9C7A7612340.
Судиите од прислушуваните разговори имаат морална одговорност. Вест. 08.08.2015г. Достапно на: http://www.vest.mk/default.asp?ItemID=91C7082EE147E847A4DD249FF52A4B71.

**избор се пристапува без претходно да се реализираат Итните реформски приоритети** со кои се повикува на *„деполитизација на назначувањето унапредувањето на судии и обвинители“ и „воспоставување на усогласен систем за перформанси заснован на квалитативни и квантитативни стандарди, како основа за сите одлуки за кариера“.*

Мрежа 23 со јавно обраќање побара мораториум на изборот на судии http://epi.org.mk/newsDetail_mk.php?nwsid=84

Беше покрената **граѓанска иницијатива за донесување Закон за амнестија,** со кој главно се предвидува делумно ослободување од извршување на казна за лица кои се првпат правосилно осудени на казна затвор во висина до дванаесет месеци. Причините се пренатрупаноста и лошите услови во затворите. Граѓанската иницијатива беше проследена со неколкудневен штрајк со глад на затвореници, како и со протест пред Собранието од страна на нивните семејства и поддржувачи. По позитивното мислење на надлежните законодавни комисии, собирањето на потписи започна на 30 септември.

### Независни регулаторни и надзорни тела

На 15 септември, Народниот правобранител Иџет Мемети изјави дека Управата за безбедност и контраразузнавање и Јавното обвинителство го спречуваат во истражување на прислушувањето. Тој побара од Собранието да му се овозможи непречено вршење на функцијата.

### Лустрација

Заклучно со 01.09.2015 година Комисијата за верификација на факти има 39 активни предмети.[2] Оваа комисија веќе нема мандат за покренување нови постапки, но останува мандатот да ги доврши активните предмети.[3]

## Деполитизација на јавната администрација

Собранието на Република Македонија на 16 септември 2015 година ја констатираше оставката на министерот за информатичко општество и администрација.

Според Министерството за информатичко општество и администрација, во јавниот сектор се вработени 128.253 луѓе. Овој број беше обелоденет откако во медиумите се оперираше со број од 185.000 лица вработени во јавниот сектор.

Во своето јавно обраќање, Мрежа 23 побара мораториум и на вработувањата во јавниот сектор до предвремените избори. http://epi.org.mk/newsDetail_mk.php?nwsid=84

---

[2] Информацијата ја доби Институтот за човекови права врз основа на барање за пристап до информации од јавен карактер, испратено до Комисијата за верификација на факти, Управниот суд и Вишиот управен суд.

[3] Законот за престанување на важење на Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/15)